# 140. АЈДЕ ПОМИНУВАМ




Ајде поминувам, мори, заминувам,
на бел камен починувам,
ајде заминувам, мори, попитувам
дека седи калеш Грозда,

ајде, калеш Грозда мори, калеш Грозда,
калеш Грозда вапцарката,
ајде, да ми вапца мори, да ми вапца,
да ми вапца два барјаци,

ајде, еден зелен, мори, еден зелен
еден зелен, други црвен
ајде зеленио, мори, за на свадба,
црвенио за на бојот.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995